Ј А В Е Н П О В И К

Врз основа на одобрениот Еразмус+ проект **2025-1-MK01-KA122-VET-000322410 — Дуално образование за успех: Истражување на ефективни стратегии во образованието и обуката** и согласно Правилникот за реализација на меѓународни проекти и мобилности во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид, Директорот на училиштето објавува:

Ј А В Е Н П О В И К

за избор на **еден наставник од машинска струка** за учество на Обука (курс) на тема: **The Latest Digital, ICT & AI Solutions for Educators: Transform Teaching with Technology, ChatGPT, DeepSeek, Multimedia, Storytelling, Game-Based Learning & Smart Assessment Strategies,** која ќе се реализира од 21 до 27 јуни 2026 година во Сплит, Хрватска, во времетраење од 5 дена + 2 дена за патување.

Мобилноста е дел од одобрениот проект и има за цел:

- зголемување на дигиталната писменост кај наставниците;
- воведување современи методи и техники во наставата.

I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Кандидатот треба:

1. Да е наставник од машинска струка во училиштето.
2. Да поседува основни дигитални компетенции.
3. Да има познавање на англиски јазик.
4. Да изрази подготвеност за дисеминација и имплементација на стекнатите знаења.

II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

- Пријава (образец во прилог)
- CV (кратка биографија)
- Мотивациско писмо

III. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Рокот за доставување на документите е 3 дена од денот на објавување на повикот.

Документите се доставуваат во архивата на училиштето.

IV. НАПОМЕНА

Согласно проектната апликација, мобилноста предвидува учество на тројца наставници. Двајца наставници кои учествуваа во изработка и пишување на проектот се веќе номинирани согласно Правилникот на училиштето. Со овој повик се врши избор на третиот наставник од машинска струка.

Охрид Директор

31.3.2026 Сашо Недески